Ѓорѓи ТРАЈКОВСКИ

# СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ОД ПЕРИОДОТ НА ПРЕРОДБАТА, ИЛИНДЕН И НОВ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СРМ

Почнувајќи од 1970 год. заклучно со 1975 год. Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата изврши евиденција на спомен-обележјата од периодот на преродбата па сè до Народноослободителната војна. Евиденцијата се одвиваше по општинските собранија а врз база на претходно добиените податоци од општинските одбори на СЗБ од НОВ. Овие податоци на теренот се дополнувани и се опфатени вкупно 898 спомен-обележја од кои:

| | |
|---|---|
| споменици | 107 |
| спомен-плочи | 449 |
| спомен-бисти | 212 |
| спомен-чешми | 30 |
| спомен-костурници | 27 |
| гробови и гробишта | 62 |
| спомен-куќи | 10 |
| спомен-училишта | 1 |
| Вкупно: | 898 |

По периоди бројната состојба е следната:

*Преродбата*

| | |
|---|---|
| споменици | 1 |
| спомен-плочи | 1 |
| спомен-бисти | 2 |
| гробови | 1 |
| спомен-куќи | 2 |
| Сè: | 7 |

*Национално-револуционерното движење и Илинденскиот период*

| | |
|---|---|
| споменици | 16 |
| спомен-плочи | 31 |
| спомен-бисти | 14 |

| | |
|---|---|
| спомен-чешми | 1 |
| костурници | 2 |
| гробови и гробишта | 6 |
| спомен-куќа | 1 |
| Сè: | 71 |

*Работничкото движење*

| | |
|---|---|
| спомен-плочи | 13 |
| спомен-бисти | 2 |
| Сè: | 15 |

*Народноослободителната борба и социјалистичката револуција*

| | | |
|---|---|---|
| споменици | 90 | (еден социјалистичка изградба — Маврови Анови) |
| спомен-плочи | 404 | |
| спомен-бисти | 194 | |
| спомен-чешми | 29 | |
| спомен-костурници | 25 | |
| гробови и гробишта | 55 | |
| спомен-куќи | 7 | |
| спомен-училиште | 1 | |
| Сè: | 805 | |

Овој фонд на недвижни спомен-обележја не е константен ако се има предвид во меѓувреме нови откривања на споменици и спомен-обележја, или по пат на истражувачка работа да се пронаоѓаат автентични споменици од сите периоди.

Со евиденцијата на недвижните споменици имаме за цел, пред сè, да се утврди нивната бројна состојба на територијата на СРМ; да се изврши валоризација по видови; да се утврди сопственикот на објектот, локацијата и авторот и да се даде краток опис на сегашната состојба и предлог-мерки за заштита и одржување. Исто така да се одбележи историјатот на настанот и содржината на споменикот, односно спомен-плочата. Покрај горните податоци сите обележја се документирани со фотоснимање чии копии се наоѓаат во досието за секој објект. Вака прибраната основна документација создава можност да се изврши класификација и категоризација за секое спомен-обележје и да се пристапи кон дополнување со техничка и научна документација за посебно значајни споменици. Предвид би дошла следната класификација:

а) поголеми комплекси на земјиштата и краишта поврзани со настани од НОВ или друг период;

б) автентични споменици (нелегални куќи, болници, работилници и др.);

в) гробови и гробишта, костурници и др.;

г) споменици посредно поврзани со настанот.

*Состојба, одржување и чување на спомен-обележјата*

Кога станува збор за состојбата на споменици, треба да се има предвид, пред, сè, кога тие се подигнати, местото каде што тие се наоѓаат, видот на обележјето и материјалот со кој се градени, нивното одржување и чување.

Според тоа сите обележја, што ги исполнуваат претходните елементи, се наоѓаат во добра состојба. Во најдобра состојба се наоѓаат оние споменици што се градени од цврст градежен материјал, што со своето архитектонско и ликовно решение ги задоволуваат сите барања за еден јавен споменик, а нивната локација е на такво место каде што не се доведува во прашање нивното чување и одржување. Вакви белези можат да се сретнат скоро во сите поголеми населени места на целото подрачје на СРМ. Меѓутоа, има еден вид споменици што се наоѓаат во незавидна положба од причини што по својата архитектура, ликовно обликување, материјалот со кој се градени и времето кога се градени придонесле да се најдат во ваква положба.

Овде станува збор за автентични споменици што со својство на споменик се здобиле по пат на историски настани од нашата најнова историја. Тоа се, пред сè, куќи во кои во текот на НОВ се одиграле многу значајни настани, а за кои по ослободувањето недоволно е водено грижа за нивното трајно одржување. За еден дел од ваквите споменици се преземени конкретни мерки за нивното сочувување, по пат на конзервација и реставрација, и се приспособени за одредена намена. Меѓу овие споменици спаѓаат: дел од конаците во манастирот Св. Прохор Пчински — Меморијален музеј на АСНОМ, Меморијален музеј на ЦК КПМ во Тетово, спомен-куќа на нелегалната печатница во с. Битуше, меморијален музеј „11 октомври" во Прилеп, музеј на НОБ од гевгелискиот крај во с. Конско. Потоа, спомен-куќи на народни херои и тоа на Стеван Наумовски-Стив во Битола, Страшо Пинџур во с. Ваташа, Благој Мучето во Струмица, на пролетерскиот поет и револуционер Коста Солев-Рацин во Титов Велес. Од периодот на преродбата: Спомен-одаја на Кирил Пејчиновиќ во просториите на конаците од Лешочкиот манастир, Меморијален музеј на Ѓорѓи Пулевски во с. Галичник, Куќа-музеј на Миладиновци во Струга и др. Но, претварање во меморијални музеј на вакви објекти не е единствениот начин за нивно запазување, постојат и други можности за чување и одржување, зависно од грижата и ангажирањето на имателот на споменикот. Меѓутоа, заради урбаниза-

ција на градовите од-ден на-ден се повеќе овие споменици исчезнуваат, а со тоа и сеќавањата за настанот што е сврзан со нив. Вакви примери има по сите населени места а особено во Скопје по катастрофалниот земјотрес од 1963 год. Потребно е имателите на ваквите споменици да им посветат доволно внимание за да се сочуваат.

Спомен-бистите како вид на обележја, посветени на заслужни личности, се наоѓаат во подобра состојба и добро се чуваат и одржуваат. Во лоша состојба се наоѓаат само оние кои се градени од бетон или гипс, па само посебе се налага да се заменат со бронза или мермер.

Состојбата на Партизанските гробишта скоро во сите места наполно задоволува. Ваквата добра состојба се должи, пред сè, на редовното чување и одржување, а тоа се овозможува со тоа што истите се издвоени во посебни алеи, било да се во склопот на градските, односно селските гробишта или на одделно место, кои се воедно и хортикултурно уредени. Во лоша состојба се наоѓаат и групните гробови и гробници што се градени набрзина и од слаб материјал. Овие скоро се и напуштени, како на пример во Берово.

Спомен-плочите, како вид на обележување, се најзастапени во Републиката. Тие се поставени на куќи, што служеле во текот на НОБ за нелегална дејност, во кои се родиле и живееле револуционери и други познати и заслужни личности, а исто така се поставувани на посебни постаменти изградени за таа цел на места каде што се одигрувале значајни настани. Според тоа и нивната состојба е различна. На пример, оние што се поставени на куќи и за нив се грижат сопствениците, тие се во добра состојба, додека пак оние спомен-плочи што се поставени на постаменти, чешми и се наоѓаат надвор од населените места се во полоша состојба. Таквите плочи делумно се оштетени или наполно искршени, како што е со спомен-плочите во с. Сливник — Т. Велес, посветени на загинувањето на првоборецот Трајко Бошкоски-Тарцан и Маца Овчарова, на чешмата во Седларево — Тетово, на месноста Бел Камен на планината Плачковица-Биница и др. Меѓутоа, кај овој вид обележја постои и еден друг феномен кој може да се забележи на целата територија на СРМ. Имено, на секаде може да се забележи дека по формат тие се различни, а содржината на текстот е пренатрупана. Потоа, некои од нив обилуваат со груби јазични и правописни грешки, буквите технички лошо се обработени, и уште со низа други недостатоци.

Некои од нив се поставени на места, каде што погрешно кажуваат за настанот. На пример, спомен-плочата поставена на новата училишна зграда во с. Горно Количане соопштува дека „На ова место на 15. IX. 1944 год. се формира 12 македонска бригада“ . . . додека од сите објавени документи и живи борци

истата е формирана во с. Фојница, Т. Велес. Или пак под сомнение се доведува спомен-плочата, поставена на куќа во Водно, која соопштува дека во истата се одржала партиската конференција на која бил формиран Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Сомнението потекнува од самите учесници на Конференцијата кои сметаат дека настанот бил во друга куќа. Има случаи кога за еден ист настан се подигнати две обележја на различни места, а се вели: „На ова место загина тој и тој", па дури има различни датуми и за самиот настан. Таков е случајот со спомен-плочите во с. Русиново и месноста „Петлец" — Беровско каде што и едната и другата се посветени на загинувањето на Даме Груев па и на едната и на другата се вели: „На ова место загина Даме Груев" ... но со различни датуми. Во месноста „Петлец" стои на 17. XII. 1906 г. а во Русиново на 19. XII. 1906 г. Уште еден пример од најновата историја (НОБ). Станува збор за местото на разбивањето на Првиот плачковички партизански одред во атарот на с. Шипковица во месноста „Мамудица" — Радовиш. На ова место има поставено спомен-плоча со датум на настанот од 18 декември 1942 год. во која борба загинале борците Васил Доганџиски од Штип и Јаким Стојков од Пробиштип (С. Неокази) што се смета и за точно. Меѓутоа, на околу 5 км јужно од „Мамудица", на детското летовалиште „Васил Доганџиски" има поставено спомен-плоча во чиј текст се вели дека истиот настан се одиграл на 5. XI. 1942 година и „на ова место" загинал, покрај Васил и Јаким, и Герас Цунев од Струмица. Споредувајќи ги овие две плочи со право може да се каже дека втората има повеќе историски неточности и тоа по место, ден и број на загинати лица зашто на гробот на Герас Цунев во Струмица има текст кој што гласи: „Тука почива Герас Лазарев Цунев ... обесен во скопскиот затвор од мракобесните фашисти на ден 21. I. 1943 год..."

Со цел да се отстранат недостатоците на одделни спомен-плочи како и други обележја треба да се пристапи организационо и програмирано, со анализа за секое обележје, а врз основа на Законот за заштита на спомениците на културата (Сл. весник на СРМ бр. 24/73) и Законот за јавни споменици (Сл. весник на СРМ бр. 42/72 год.), да се доведат во состојба како што одговара на нормите за едно обележје.

Кога станува збор за законските одредби од споменатите Закони може слободно да се каже дека непочитувањето на истите може да доведе до непожелни последици било во кој и да е поглед.

Затоа треба да се посочат некои јавни споменици врз кои ќе се преземат конкретни мерки за отстранување на недостатоците или целосна замена со ново обликување. Меѓу таквите се: Споменикот на ЖФТ во Скопје на Камениот мост од левата

страна на реката Вардар, скулптурата пред Стопанската банка исто во Скопје, скулптурата на Ѓорче Петров во паркот во Ѓорче Петров, трите скулптури во Струмица посветени на Гоце Делчев за фаќањето на струмичкиот бег.

Од страна на Републичката комисија за подигање на јавни споменици покрената е постапка за следните споменици и тоа: споменикот на Гоце Делчев во Делчево, споменикот на Евреите во Штип, споменикот на Револуцијата во Струмица, скулптурата на спомен-гробницата во Св. Николе, како и споменикот на политичките затвореници во Битола. Каква одлука, по ова прашање, ќе биде донесена е работа на Републичката комисија. Меѓутоа, треба да се има предвид фактот на каков начин ќе биде обележано местото за да остане во трајно сеќавање настанот.